

# ПРИРАЧНИК
## ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО
# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## ЗА II ОДДЕЛЕНИЕ



м-р Ирена Христовска
м-р Зорица Атанасовски,
Горица Стојанова



Прирачник за изведување на наставата по ликовно образование за II одделение

Издавач: Биро за развој на образованието - Скопје

**Уредници:**
м-р Мирјанче Милошевска
м-р Емилија Вељаноска
**Автори:**
м-р Ирена Христовска
м-р Зорица Атанасовски
Горица Стојанова

**Стручна поддршка:**
Зоран Мазновски
м-р Бети Денков
Диана Садику Рамадани
**Лектор**: Александар Здравевски

**Дизајн и техничко уредување:** АРБЕРИА ДЕСИГН ДООЕЛ, Тетово

Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

**373.3.016:73/76(035)=163.3**

ХРИСТОВСКА, Ирена
Прирачник за изведување на наставата по ликовно образование за II одделение [Електронски извор] / Ирена Христовска, Зорица Атанасовски, Горица Стојанова. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/lo2/. - Текст во ПДФ формат, 87 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 26.08.2025

**ISBN 978-608-206-223-5**

1. Атанасовски, Зорица [автор] 2. Стојанова, Горица [автор]

**COBISS.MK-ID 66749445**

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА II ОДДЕЛЕНИЕ

ЦРТАЊЕ





СЛИКАЊЕ

ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ИГРАЊЕ





ПЕЧАТЕЊЕ И ДИЗАЈН



## Детето и цртањето

Развојот на цртањето кај децата минува низ неколку фази. Преку цртежите може да се дознае многу, не само за развојот на детето од аспектот на фината моторика, туку и за когнитивниот и социо-емоционалниот развој на детето. Таквите цртежи ни го отвораат прозорецот со поглед кон имагинацијата, емоциите, интересите, грижите и желбите кои влијаат на многу сегменти во детскиот развој, особено во создавањето на позитивната комуникација помеѓу децата и возрасните. Покрај комуникацијата, цртањето кај децата поттикнува и други способности, како што е самодовербата, намалувањето на стресот, решавање на проблеми, вербалното изразување, осдносно креативен начин на созревање на личноста на детето. Децата преку цртањето учат како да дојдат до решение на дадени проблеми, бидејќи самостојно прават избор во процесот на креативното изразување на уметничко дело. Во процесот на цртањето тие се ослободуваат од стресот и успеваат на здрав начин своите чувства да ги пренесат на парче хартија.

# ТЕМА

# Цртање

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- применува различни подлоги, средства и материјали во цртањето;
- создава цртеж, користејќи ги ликовните елементи: големина, простор, тон и површина;
- црта познати предмети, ликови и појави од средината во која живее и учи.
- конструира цртежи на компјутер;
- развива креативност преку цртањето;
- развива и негува хигиено-технички и работни навики.



https://www.bro.gov.mk/

# Примери за планирање со предлог материјали за нивна реализација

1.

| | |
|---|---|
| Содржина | •Подлогисредстваиматеријализацртањеинивнаупотреба (хартија, хартијавобоја, молив, дрвенибоици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали) |
| Стандарди за оценување | • Користи разновидни подлоги, средства и материјали во цртањето.<br>• Споредува и прави разлика меѓу цртежите според подлогата, средствата и материјалите кои се употребени. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Игра: „Волшебна торбичка“. Во торбичка или кутија се поставени разновидни подлоги, средства и материјали кои се користат во цртањето. Учениците се делат во две групи. Играта има за цел да се определи колку од поставените предмети во торбичката учениците ги препознаваат и именуваат. Играта има натпреварувачки карактер, победник е групата којашто ќе препознае и именува најмногу од предметите. По еден претставник од секоја група во мал отвор од торбичката ги напипува предметите. Задржува еден предмет кој го именува и објаснува каде и како ќе може да се употреби, потоа го вади предметот од торбичката и го покажува на останатите ученици. Заеднички се потврдува или одрекува точноста на одговорот на ученикот. На ист начин играта продолжува со ученик од другата група. За секој точеноодговор се добива по еден бод. |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Наставникот прибавува различни подлоги за цртање. Подлогите се со А4 форма. Учениците се поставуваат во круг, може да бидат во седната положба или да стојат покрај претходно поставени клупи во круг. Различен материјал за цртање: молив, дрвени боички, фломастери, креди, мрсни боички или друг природен или вештачки материјал којшто остава трага е распореден кај учениците. Наставникот пушта пригодна музика. Учениците добиваат задача следејќи го расположението од музиката, без гледање во подлогата да нацртаат мече (или друг предмет којшто ќе се искористи како дел од меѓупредметната интеграција). Крајот се означува со престанување на музиката. Учениците ги подигаат своите подлоги и го презентираат цртежот на останатите другарчиња. Се поведува дискусија за трагата која што ја оставаат различни средства и материјали за цртање на различна подлога.

**Линк за музика:** https://youtu.be/KCWN4Oy3aEg

**Активност 2:** На нова подлога со А4-формат на поширокиот дел се прават дупчиња во коишто се вовлекува волница. Потребно е да има подлоги за сите ученици. Истите се поставуваат да висат или се прицврстени на ѕидна површина во висина на учениците. Повторно се пушта музика. Формираните групи од воведниот дел го продолжуваат натпреварот на следниот начин: се формираат парови од по еден ученик од двете групи. Со средства и материјали по избор на учениците имаат задача да нацртаат сонце (или друг предмет по избор на наставникот кој може да биде дел од врската за меѓупредметна интеграција), но на подлогата поставена на ѕидната површина крај своето другарче (пар). Победник е оној којшто прв ќе го нацрта сонцето. Паровите треба да си го отежнуваат цртањето, на пример, со помрднување на подлогата поставена на ѕидот.

**Линк за музика:** https://youtu.be/MM0NTNIshF4

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Ги поставуваат цртежите на видно место (мечето и сонцето). Средствата и материјалите се ставаат под изложбениот дел. Се поведува дискусија во којашто наставникот ги насочува учениците правилно да ги именуваат подлогите, средствата и материјалите за цртање како и да воочат разлика во трагата којашто ја оставаат различните средства на различна подлога.

**Рефлексија на часот:**

Додека си играте во блиското паркче, училиштен двор или другоместо, размислете каде кој од материјалите, средствата можете да го употребите во зависност од подлогата!

**Средства:**

Различни подлоги во А4 хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали и др.

**Меѓупредметна интеграција:**

Музичко образование - Слушаме музика

Македонски јазик - Слушање и зборување - Водење разговор

• Математика - Геометрија -2Д-форми

(квадрат, правоаголник, петаголник и шестаголник)

## 2.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | •Подлоги,средстваиматеријализацртањеинивнаупотреба (хартија, хартијавобоја, молив, дрвенибоици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали) |
| Стандарди за оценување | • Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:** Учениците се делат во две групи. Создадените парови преку музика ја реализираат активноста на следниот начин: едниот ученик е во положба како да лази, а другиот ученик е клекнат крај другарчето. Со прстите од двете раце по грбот на другарчето црта различни линии и воедно ги именува, на пр. цртам права линија, цртам испрекината линија, цртам дебела линија, цртам крива линија. На ист начин играта продолжува со ученик од другата група. За секој точен одговор се добива по еден бод. |

**Линк за музика:** https://www.youtube.com/watch?v=d_HmK3mY0fs

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Паровите продолжуваат да работат со тоа што сега поставуваат различна подлога за цртање на грбот на другарчето и цртаат со различни средства и материјали за цртање (молив, дрвени боички, фломастери, креди, мрсни боички или друг природни или вештачки материјали коишто оставаат трага). Додека црта едниот ученик другиот се обидува да ја претпостави формата, да го именува обликот.

**Активност 2:** Паровите си ги менуваат местата, видот на подлогата останува ист, но се менува нејзината поставеност. Подлогата е залепена на ѕидот од училницата. Се менува и средството за цртање. Подлогата е на ѕид, пред неа е ученикот со средство за цртање по негов избор, а зад него другарчето од парот. Тоа со прстите од раката „црта“ различни видови линии на грбот на своетодругарче, а во исто време ученикот со средството за цртање се обидува да ги препознае видовите линии и истите ги пренесува на подлогата за цртање што е пред него на ѕидот. Оваа активност ќе поттикне добро расположение, насмевкипри споредбата на цртежот на ученикот со идеата на другарчето. Се поведува дискусија за потребата од концентрација, внимание и насоченост на сензоритеза успешност при реализација на оваа активност.

**Линк за музика:** https://youtu.be/d_HmK3mY0fs

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Сите изработки на учениците се поставуваат на видно место. Се поведува дискусија во која се именуваат разновидните линии добиени со комбинирање на различни средства и материјали на иста подлога.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?

Како се чувствувавте денес?

Зошто другарчињата што не гледаат, многу подобро слушаат? Која игра можеш да ја играш со другарчињата и притоа да употребиш линии од волница?

**Средства:**

Различни подлоги во А4 формат, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали и др.

**Меѓупредметна интеграција:**

Музичко образование – Слушаме музика

Македонски јазик – Слушање и зборување - Усно прераскажување, раскажување и опишување

Математика – Геометрија - Точка и права

(точка, права, искршена линија)







## 3.

**Содржина (поими)**

• Подлоги,средстваиматеријализацртањеинивнаупотреба (хартија, хартијавобоја, молив, дрвенибоици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали)

**Стандарди за оценување**

• Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

На средината на подот на училницата се прицврстуваат четири различни подлоги коишто заедно споени ќе формираат голем квадрат. Квадратот е формиран од четири помали квадратчиња, четири различни подлоги. Првата подлога е хамер, втората подлога е картон, третата подлога е платно и четвртата подлога е алуминиумска фолија за готвење. Учениците се поставени околу големиот квадрат секој со различна дебелина на фломастери ворацете. Ја слушаат предлог ритмичката композиција и за истата изведуваат движења кои ги претставуваат соразличните видови линии нацртани на подлогата крај која се наоѓаат.

**Линк за музика:** https://www.youtube.com/watch?v=P5E4n1fzYZs



**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Поттикнување емоционална пауза од неколку минути, при која се обидуваат да ја слушнат тишината и звуците што доаѓаат надвор од училницата. Емоционалната пауза е проследена со движења на рацете и телото на учениците со кое го искажуваат своето расположение. Активноста продолжува придружена со истата ритмичка композиција, но сега учениците еден по еден на различен начин на подлогата цртаат различни линии, но не се задржуваат, туку се редат во низа еден по друг. Цртањето на линиите на различните подлоги од страна на учениците може да биде: да цртаат со навалување кон подлогата, со клекнување и цртање, со тркалање и цртање, со трчање и цртање и тоа на почетокот, на средината или во кој дел и да од подлогата (по избор на ученикот). Движењата на учениците треба да се усогласени со ритмичкатакомпозиција и да цртаат различни видови линии.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

По завршувањето на активноста се поведува дискусија, во насока дека се црта на различни подлоги со различна дебелина на фломастери. На сите подлоги фломастерот остави различна трага, учениците ги препознаваат и именуваат различните видови линии кои што ги нацртале, а целината на цртежот ја отсликува целината на паралелката.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?

Како се чувствувавте денес?

Дел од игрите кои ги игравме со другарчињата, играј ги во кругот на твоето семејство. Кој од возрасните би уживал во играта? Која е твоја омилена игра во кругот на семејството? Која линија ќе ја нацрташ за да го отсликаш своето расположение (среќен, тажен, лут, гневен или слично)?

**Средства:**

Различни подлоги во А4 хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали и др.



**Меѓупредметна интеграција:**

Музичко образование – Слушаме музика

Македонски јазик – Литература, изразување и творење - Усно и писмено изразување и творење

Математика – Мерење - Време

(минути, часови, денови, недели, месеци и години, календар)

4.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) |
| Стандарди за оценување | • Црта со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br>• Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>На помалите страни од еден голем лист хамер се прицврстува подебел стап (од метла) или летвичка. Добиената рамка се поставува на отворена врата на училницата, со тоа што едниот стап е на горниот, а другиот на долниот дел од вратата, а хамерот го зафаќа отворениот простор. Учениците се делат во две групи. Едната група се наоѓа од едната страна на хамерот, а другата група од другата страна на хамерот. На хамерот се прават три отвори во три различни височини, а големина доволно учениците да може да ја протнат раката. Учениците ја протнуваатраката еден по еден во еден од отворите (во зависност од височината на ученикот) и со природно средство зацртање - јаглен (ќумурче) исцртуваат различни линии од другата страна на хамерот. На ист начин втората групаформира цртеж протнувајќи раце, но сега од другата страна на хамерот. Се поттикнуваат учениците да цртаат различни видови линии. |

**Линк за музика:** https://www.youtube.com/watch?v=P0DCXJNji9s

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Пред почетокот на првата активност се поведува дискусија со учениците за цртежот креиран на почетокот на часот. Учениците разговараат за просторот - пред/зад, горе/долу, лево/десно и линиите - тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, коишто се нанаесени на површината од хамерот. Потоа со прстите од рацете, линиите нацртани со јаглен нежно ги разнесуваат низ површината. Се насочуваат да воочат тон - светло/темно, а воедно и видот на површината накојашто е нанесен јаглен (ќумурот) - мазна површина.

**Активност 2:** Со помош на џебна ламба учениците прават мало театарче на сенки.
Целта на театарчето е со сенките што ќе ги создаваат од различна големина на предмети поставени на различно растојание од џебната ламба да го воочат просторот, големината на предметите и нивната поставеност во просторот со цел да се прикаже на цртежот правилно тој однос.

**Активност 3:** Го подготвуваат индивидуалниот простор за работа (ги прекриваат масичките со весници или друга хартија за рециклирање, го поставуваат потребниот прибор, средства и материјал за работа, ја заштитуваат својата облека на начин претходно договорен со наставникот и родителите). Учениците проследуваат пауерпоинт-презентација. Се поведува дискусија за просторот и поставеноста на есенските листови пред/зад, лево/десно, горе/долу, како и за големината на просторот и листовите како елементи во тој простор. Следи самостојна активност на учениците.

**Линк до презентација:** Есен.pptx

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

По завршување на активностите учениците се навраќаат на големата работна површина - хамер, го набљудуваат просторот, поведуваат дискусија за видовите линии нацртани на истиот, ги воочуваат тоновите - светло/темно нацртани на мазната површина на хамерот. На хамерот учениците ги поставуваат сопствените цртежи со кои што креираат мозаик.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
| --- | --- | --- |
| Што правевме денес?<br>Која активност ви беше најинтересна?<br>Како се менува големината на предметот со фотографирање?<br>Обидете се да осознаете? | ИТ технологија, хамер, природен материјал како средство за цртање - ќумур, блок бр.2-хамер, | Музичко образование - Слушаме музика<br>Природни науки - Живите суштества и нивните живеалишта - Грижа за околината (пошумување, штедење вода, рециклирање, реупотреба, отпад). Земјата, сонцето и месечината - Годишни времиња) |

5.

Содржина (поими)

• Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност)

Стандарди за оценување

• Користи разни видови моливи за постигнување прецизност во цртањето.

• Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Учениците треба да имаат различни видови на моливи. На поголем хамер поставен на четири клупи околу кои заедно со моливи и острилка секој ученик ќе ја реализира активноста на следниот начин: прв предизвик е учениците да ги изострат моливите, потоа да почуствуваат кое моливче остава најтенка линија, со кое моливче се исцртува најдебела линија без притискање. Втор предизвик: графитот од изострените моливчиња со памукче да го разнесуваат низ хамерот и да извлечат заклучок кој графит најлесно се разнесува на хамерот. Трет предизвик е остатоците од изострените моливи (дрвениот дел) да ги залепат на хамерот, со што хамерот ќе го збогатат со креативни елементи.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Го подготвуваат индивидуалниот простор за работа (ги прекриваат масичките со весници или со друга хартија за рециклирање, го поставуваат потребниот прибор, средства и материјал за работа, јазаштитуваат својата облека на начин претходно договорен со наставникоти родителите). Секој ученик самостојно треба да го изработи цртежот(Работна тетратка) којшто е започнат и ги дава потребните чекори на реализација. Пред да започне ученикот со активноста се поведува дискусија разгледувајќи ја содржината на цртежот, односно се насочува вниманието на учениците кон поврзувањето на точките и на таков начин создавањето на различни видови линии. Активноста се реализира со примена на различни видови моливи, како и изострен молив, полутап и тап молив.

**За наставникот:** (B –black, црн, што е поголема бројката пред буквата B тоа е потемна бојата на моливот и помек, H –тврд или светол, што е поголема бројката пред буквата H тоа е потврд и посветол, F за цртање детали и пишување, HB – тој е во средина помеѓу H и B, што вообичаено го користат учениците) линк:

https://www.youtube.com/watch?v=T8iYGfPKvuo&t=4s

**Активност 2:** Учениците ја продолжуваат работата на наредната активност во Работната тетратка каде што на сличен начин како во претходната активност тргнувајќи од точка цртаат разновидни линии. Во оваа активност преку движењето на инсектот ученикот црта разновидни линии. Активноста се реализира со примена на различни видови моливи, како и изострен молив, полутап и тап молив.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

По завршување на активностите учениците се навраќаат на големата работна површина – хамер, го набљудуваат просторот, поведуваат дискусија за видовите линии нацртани на истиот, ги воочуваат тоновите – светло/темно нацртани на мазната површина на хамерот. На хамерот учениците ги поставуваат сопствените цртежи со кои што креираат мозаик.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
| --- | --- | --- |
| Што правевме денес?<br>Како се чувствувавте денес? Каде ти е потребен остар молив?<br>Наброј 3 моменти каде употребуваш тап молив! | ИТ технологија, различни видови моливи, лист од блок - хамер, голем хамер, острилка, лепило | Македонски јазик – Слушање и зборување - Почетно пишување (точка, запирка прашалник, извичник)<br>Математика – Геометрија - Линија на симетрија и симетрија во околината, точка и права (точка, права, искршена линија) |

6.

Содржина (поими)

• Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност)

Стандарди за оценување

• Прави целина во цртањето со употреба на детали.

• Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

За реализација на овој стандард потребна е мазна површина. Учениците се делат во две групи. Првата група е поставена на едната страна од провидна површина, а втората група од другата страна на провидната површина. Се црта со фломастер и тоа работејќи во парови. Додека едниот член од парот го прилепува своето лице на провидната површина, другиот член од парот со фломастерот го црта односно копира ликот на своето другарче. На таков начин, обид прави секој од учениците. На крајот од активноста се поведува дискусија: за да се добие целина (ликот на другарчето) треба да се нацртаат очите, веѓите, носот, косата, устата, трепките, ушите односно на учениците им се укажува од потребата и од најмалите елементи во цртежот, односно потребата од прецизност во цртањето.
Предлог за провидна површина: фолија за пакување која се оптегнува помеѓу два предмети.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Една од техниките преку која можат лесно и брзо да се поттикнат учениците за прецизност во работата воочување на ситници, детали и подоцна нивна употреба, со цел создавање целина во цртањето е техниката мандала (Работна тетратка). На учениците им се даваат листови со различни елементи. Се поведува дискусија, се насочува вниманието на учениците кон елементите од листовите пред себе и пред другарчињата, кои заеднички ги разгледуваат. Следи самостојна активност на учениците во којашто со три различни дрвени боички секој ученик треба да обои три различни елементи од цртежот (идентификува ист елемент од цртежот, кој го бои со иста боичка), додека останатиот дел да го бојат со молив. Поимот мандала се употребува исклучиво само за наставникот, а не да се користи од страна на учениците.

**Активност 2:** Го подготвуваат индивидуалниот простор за работа (ги прекриваат масичките со весници или друга хартија за рециклирање, го поставуваат потребниот прибор, средства и материјал за работа, ја заштитуваат својата облека на начин претходно договорен со наставникот иродителите). Преку пауерпоинт-презентација учениците се запознаваат со црвениот рубин, единствениот македонски скапоцен камен и начинот на на кој македонските кујунџии создаваат накит, по што следува самостојна активност на учениците - цртање на накит за нивната мајка.

**Линк до презентација:** филигран.pptx

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците се делат во групи. Од изработените творби создаваат реклама за современ кујунџиски дуќан.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
| --- | --- | --- |
| Што правевме денес? Како се чувствувавте? Имало ли игра во која сте создавале слика од каменчиња, школки или хартивчиња? Раскажи ја! | ИТ технологија, наставнилистови со техника мендела, молив, дрвени боички, фломастери, стаклена површина (провиден плексиглас) | Вонаставни активности и други активности Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите Општество – Населено место, Македонски јазик – Медиумска писменост |

## 7.

**Содржина (поими)**

• Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност)

**Стандарди за оценување**

• Постигнува ефект светло-темно со употреба на техниката Сенчење во цртањето.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Изработената реклама за кујунџиски дуќан од претходниот час, се разгледува од страна на учениците. Се поведува дискусија за целината - накитот и сите негови елементи коишто се составен дел односно детали. Наставникот прави копии од избраниот цртеж и им ги дава на учениците. (За секој ученик има копија од цртежот).

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Пред секој ученик, освен листот хартија со цртежот (накит за мајката) се поставуваат повеќе моливчиња и памукче, како и поедна чепкалка за уши. Наставникот им демонстрира на учениците повеќе начини на сенчење и тоа: со навалување на моливчето и повлекување на истото, држејќи го моливот хоризонтално со хартијата, вториот начин е со остреница од графитот на моливчето и поставувајќи памукче врз неа и нешно повлекувајќи ја низ листот. Врз остатокот од графитот може да се постави и чепкалката за уши и со истата да се создаде трага - сенка. Следува самостојна активност на учениците во којашто по сопствен избор секој ученик ќе го исенча секој дел од накитот, оној кој им е даден од наставникот.

**Активност 2:** Светло и сенки. Со џебна ламба учениците се потсетуваат на играта на светлината со предметите и начинот на којшто се создаваат сенките. Учениците може да креираат и мало театарче на сенки. По оваа активност секој ученик ќе добие лик од театарот на сенки (Работна тетратка). На блок од лист исечените ликови се лепат. Се одбележува местото од изворот на светлината, за потоа учениците по предложените начини на сенчење од активност 1 ја формуваат сенката залепениот предмет.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

За да се направи целина за поимот сенчење и истата да се поврзе со пријатно расположение на учениицените пред нив се поставува една четвртина хартија лист од блок. Се делат во две групи, едната група црта, а другата ги следи движењата на следната композиција. Движењата треба да се исклучително кружни и демонстрирани од страна на ученикот со горни и долни екстремитети. Ученикот што црта ќе ги следи движењата кои исто така ќе бидат кружни и ќе ја подредува трагата со кружните движења, почнувајќи од најсветло во средината кон се потемно и потемно на краевите.

**Линк за музика:** https://www.youtube.com/watch?v=FfHKHwrkHP8

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Дали си се обидел да ја нацрташ сопствената сенка?
Игрите во доцните часови на денот како најдобро би ги нацртал?

**Средства:**

ИТ технологија, лист од блок, молив, чепкалка за уши, џебна ламба,

**Меѓупредметна интеграција:**

Физичко и здравствено образование – Играм и спортувам

Музичко образование – Слушаме музика

Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите

Вонанставни активности и други активности

8.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) |
| Стандарди за оценување | • Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.<br>• Конструира цртежи на компјутер (на пример: училиште, дом, омилен лик, место на живеење и сл.). |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Секој ученик пожелно е пред себе да имаат лаптоп или таблет-компјутер. Учениците ги прават првите чекори и се запознаваат со програмата Пеинт (Paint). Ако во паралелката има ученик кој поседува вештини за работа со компјутери, добива задача на ученик ментор. Секој ученик ја отвора програмата Пеинт (Paint) по насока на ученикот ментор ги употребуваат основните алатки на програмата. Се поведува куса дискусија во којашто меѓусебно се договараат на која тема ќе творат. Предлог мотив: „Цртање на семафор со линии со различна дебелина“ |

**Линк за музика:** https://www.youtube.com/watch?v=jXUUyhXHnX4

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Следува цртање на мотив, училиште, двор од геометриски форми со контурни линии и боење. Боите и дебелината на линиите кои ќе ги употребат, зависат од фантазија и креативноста на ученикот. За сето време на цртањето учениците меѓусебно се надополнуваат и насочуваат.



**Активност 2:** По завршување на првата активност следи продолжување со нова активност за добивање на целина од цртеж. Учениците ја цртаат улицата пред училиштето. Боите и големината на улицата и се што ќе поставаат на неа, зависи од тоа како децата ја доживуваат улицата пред нивното училиште.



**Активност 3:** Во последната активност во главниот дел од часот, учениците ги цртаат сообраќајните знаци кои ги гледаат и кои ги има на улицата. Со оваа активност учениците даваат една слика за тоа како тие го доживуваат училиштето и улицата пред него. Цртежот добива целина од детската фантазија, ИТ вештините, наспроти креативноста.



**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Кога цртежот ќе го добие финалниот лик, ученикот по дадените насоки од наставникот треба да го зачува истиот во меморијата на лап топот или таблетот. Се посочуваат чекорите за зачувување на цртежот: File - Save As. Следува презентирање на цртежите пред останатите другарчиња (ако постои можност на бела табла, голем монитор – ТВ или испечатени од страна на наставникот).



**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Која друга алатка за цртање сте ја користеле во својот дом или во играта со своите другарчиња?
Колку време поминуваш со информатичка техника пред себе?

**Средства:**

IT технологија, телевизор, бела табла, печатач, бели листови.

**Меѓупредметна интеграција:**

Општество - Населено место - Животот во село и животот во град

Македонски јазик – Слушање и зборување - Усно прераскажување, раскажување и опишување

Воннаставни и други активности

**ЛИНК ДО КВИЗ:**

https://create.kahoot.it/details/1054de84-5cc1-4c84-8c10-183f58018f49

Изработи компјутерски цртеж по сопствено доживување и зачувај го во компјутерот, а потоа покажи им го на своите другарчиња!

9.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) |
| Стандарди за оценување | • Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.<br>• Конструира цртежи на компјутер (на пример: училиште, дом, омилен лик, место на живеење и сл.). |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Се поведува разговор на тема моите соништа, а во нив необични нешта. На учениците им се покажуваат фотографии со интересни детски трик фотографии (илузии - за наставникот), со кои се проширува дискусијата. |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** За реализација на оваа активност потребен ние е лаптоп или таблет-компјутер на која се отвора апликацијата Пеинт (Paint). Учениците накусо се потсетуваат заработата во истата и алатките кои можат да ги користат.





**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Секој од учениците ја демонстрира својата изработка пред своите другарчиња (на смарт табла, голем екран - ТВ или испечатена од страна на наставникот). Се поведува дискусија за изработките со учениците. Што е трик-фотографија? Како се создаваат трик-цртежи?

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Дали сте го посетиле музејот на илузии?

**Средства:**

ИТ технологија, телевизор,бела табла, печатач, белилистови.

**Меѓупредметна интеграција:**

Воннаставни активности и други активности

Математика - Мерење - Линија на симетрија и симетрија во околината

10.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) |
| Стандарди за оценување | • Црта со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br>• Прави целина во цртањето со употреба на детали. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Се пушта пригодна музика, додека учениците се делат во парови. Наставникот дава пример кој треба да го следат учениците така што едниот ученик од парот изведува движења по одредена замислена линија во воздухот, додека другиот ги имитира истите движења, па потоа се менуваат. |

**Линк за музика:** https://www.youtube.com/watch?v=_XC2mqcMMGQ

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** На ѕидовите во училницата на две-три места се закачуваат хамери. Учениците се делат во две или три групи (во зависност од бројот на паралелката). Воедно членовите во групите (учениците) се поделени во парови. Едното дете е потпрено со грбот на хамерот заземајќи некоја поза со рацете и нозете, а другото ја исцртува на хамерот контурната линија на заземената поза на своето другарче. Потоа ги менуваат позициите исцртувајќи ја контурата на другарчето со фломастер во омилена боја. Контурните линии на хамерот, треба да се една крај друга, со што ќе се добие заеднички цртеж.

**Активност 2:** По завршување на активноста бр.1, учениците се редат во редица, секој во својата група. Игра „Колку се познаваме": Паровите се поставуваат еден наспроти друг. Бројат до 10, а потоа си вртат грб еден на друг. Додека се свртени и не се гледаат, прават одредена промена на себе (на својот изглед). Кога ќе се свртат паровите лице во лице треба да погодат што е поинаку кај своето другарче.

**Активност 3:** Еден по еден ученик на хамерот ја пронаоѓа исцртаната контурна линија на своето другарче кое го цртале и му доцртуваат коса, нос, очи, уши, уста и сите детали кои претходно ги воочил кај своето другарче.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Секој ученик го ренда графитот од својот молив и боички. Со памук се нанесува графитот, создавајќи различни тонови на добиените цртежи. Се поведува дискусија со учениците за големина, простор, тон и површината на добиениот цртеж, индиректно преку воочување на истите на изработениот цртеж.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес? Како се чувствувавте денес? Во кој простор си се чувствувал најстрашно? Што е за тебе големо? Колку површини предизвикуваат пријатно чувство кај тебе?

**Средства:**

ИТ технологија, хамер, фломастер,графит, памук, дрвени боички.

**Меѓупредметна интеграција:**

Физичко и здравствено образование - Играм и спортувам

Музичко образование - Слушаме музика

Воннаставни активности и други активности

# ТЕМА

# Сликање

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- применува различни подлоги, средства и материјали во сликањето;
- создава слика, користејќи ги ликовните елементи: големина, простор, тон и површина;
- слика предмети, ликови и појави од средината во која живее и учи;
- ги разликува секундарните бои и креативно да се изразува со нив;
- користи компјутер во сликањето;
- развива креативност преку сликањето;
- развива и негува хигиено-технички и работни навики.

https://www.bro.gov.mk/



1.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Подлоги, средства и материјали за сликање и нивна употреба (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, колаж, палета, хартија во боја, лепак, ножици, природни материјали, вештачки материјали...) |
| Стандарди за оценување | • Користи разновидни подлоги, средства и материјали во сликањето.<br>• Споредува и прави разлика меѓу слики изработени со различни средства, материјали и техники. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Два литра боја за ѕидови, се разделуваат на три еднакви дела, поставени во пластични тегли. Во секоја од теглите со бела боја се нанесува по неколку капки пигмент од примарните бои (црвена, сина и жолта). Учениците се делат во три групи. Секоја група добива различна подлога. Првата група добива хамер, втората група рапав картон и трета група мазна површина, во големина од четири пати А4 формат. Членовите од секоја група се поставуваат рамномерно распоредени околу хамерот, рапавиот картон и мазната подлога и гидржат со рацете. На средината на сите видови подлоги се истура дел од бојата од трите тегли. Со внимателно и рамномерно придвижување на хамерот, нагоре-надолу, налево-надесно секоја група треба да наслика своја слика, но притоа ниту една капка боја од бојата да не падне од подлогите. Готовите изработки на принцип на станици, сите ученици ги разгледуваат. Подоцна заедно извлекуваат заклучок: Што е различно во создадените слики? Како настанале разликите? Која била причината? |

Презентација со слики Ван Гог.pptx

Презентација со слики Ван Гог.mp4

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** На секој ученик од веќе формираните групи му се дава подлога (хамер, рапава хартија, картон и текстил) со димензија на превиткан А4 формат и тоа три пати. Групите заеднички проследуваат паурпоинт-презентација, преработена во видеоматеријал (прилог-презентација со слики од огномет, звезди, Ван Гог, звездено небо, палета на слики на платно, хартија). Се поведува дискусија со учениците за проследениот видеоматеријал преку која се насочуваат да ги воочат сликите изработени со различни средства, материјали и техники. Секој ученик во секоја група самостојно создава своја слика на дадената подлога на тема огномет. Како изразни средства се употребуваат: основните бои, секундарните бои и површината. Од ликовен материјал се користи темпера и пастел во комбинација. По завршување на активноста добиени слики со прилепување на краевите се поврзуваат во заедничка целина, слика на паралелката.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Сликата се поставува на видно место во училницата и од сликата на групите во воведниот дел, учениците креираат рамка, која што рамка ја вградуваат во склоп на добиената заедничка ликовна творба. Се повикуваат другарчиња од останатите одделенија и заеднички за истата се поведува дискусија и се вреднува.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
|---|---|---|
| Која активност ви беше најинтересна? Што научивте? Знаеш ли што се нишки? Има ли твојата баба покривка сошиена од повеќе делови? | ИТ технологија, хамер, бела боја - поликолор, основните бои - пигмент, секундарните бои - добиени, хамер, рапава хартија, картон и текстил, игла, подебел конец | Вонаставни активности и други активности Природни науки - Светлина (светлина, светлински извори, сенка, проѕирни тела) и Енергија (енергија, загревање, осветлување, батерии, гориво, согорување) |

2.

Содржина (поими)

• Подлоги, средства и материјали за сликање и нивна употреба (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, колаж, палета, хартија во боја, лепак, ножици, природни материјали, вештачки материјали...)

Стандарди за оценување

• Користи разновидни подлоги, средства и материјали во сликањето.

• Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Во училишниот простор се поставува голем бел хамер или поврзани неколку помали хамери меѓу себе. Пред хамерот на три мазни правоаголнести површини се поставени основните бои (поради потребата од поголема количина на боја наставникот може оваа активност да ја реализира со употребата на бел поликолор и пигменти). Од суви стапчиња, дрвца, гранчиња учениците треба како пред активност да направат секој за себе по една метличка. Во интеракција со наставникот учениците се насочуваат дека при сликањето можат да ги доловуваат своите соништа. Активноста започнува со нанесување на боја со метличките на површината на хамерот.

**Главни активности – искуствено учење::**

**Активност 1:** Внимателно наставникот нанесува силикон креирајќи контури на хамерот.

**Активност 2:** Учениците со метличките на кои нанесуваат развлечен памук, нанесуваат боја на хамерот. Наставникот ги насочува да воочат како бојата се однесува кога е нанесена врз силиконот и врз хамерот.

**Активност 3:** Учениците на горниот дел / страна, лепат пастелни боички една до друга, а потоа со нанесување на топлина (наставникот го одредува начинот) пастелните боички ги топат. Со поткревање на хамерот од различни страни, учениците ја разнесат бојата по хамерот. Поведуваме дискусија со учениците за начинот на однесување на пастелните боички.

**Активност 4:** Со алуминиумска фолија учениците треба да дадат посебен печат на својата замисла. Истата ја поставуваат на различни места (ја прицврстуваат, лепат) на хамерот.

**Активност 5:** Последна интервенција на сликата, со изработени четкички од сунѓерчиња го надополнува празниот простор на хамерот, формирајќи ја сликата од своите соништа.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Индивидуално секој ученик сече по едно парче од сликата. Парчињата како дел од сложувалка се лепат на картонска подлога. Помеѓу секое парче пред да се спојат се поставува памук, пластелин во боја, волница, коноп или друг природен/вештачки материјал. Сликата се поставува на видно место во училницата или во училишниот хол и заедно со ученици од други паралелки се вреднува.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
|---|---|---|
| Кој од материјалот сте го користеле досега во вашиот дом? За каква намена? Која активност ви беше најинтересна? Кој материјал би сакале да го користите кога ќе појдете дома? | Пастелни боички, памук, пластелин во боја, волница, коноп или друг природен/вештачки материјал, силиконско пиштолче, фен, алуминиумска фолија, бел поликолор и пигменти на основни бои. | Воннаставни активности и други активности<br>Македонски јазик - Слушање и зборување<br>Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите |

3.

Содржина (поими)

• Подлоги, средства и материјали за сликање и нивна употреба
(водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, колаж, палета, хартија во боја, лепак, ножици, природни материјали, вештачки материјали...)

Стандарди за оценување

• Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

На различни делови од училницата се поставени топчиња од различни материјали (топчиња од салфетки, топчиња од памук...). Учениците имаат задача да ги обојат со црвена боја. Учениците внимателно го следат предлог-линкот кој наставникот им го пушта на телевизор / интерактивна табла, а потоа дискутираат кратко за неговата содржина. Преку насочени прашања наставникот ги поттикнува да размислуваат за Црешовото дрво на Стефан. За момент ги затвараат очите и ја замислуваат Стефановата сликаод дрвото. Се кажуваат претпоставки што се му било потребно на Стефан за да го наслика црешовото дрво (подлога, хартија, водени / темперни бои, четка, палета...).

https://www.youtube.com/watch?v=CJ42Urw6PuI&t=17

Црешовото дрво на Стефан.

**Главни активности – искуствено учење:**

На средишниот дел од училницата е поставен голем хамер или два споени помали хамери. Учениците го уредуваат просторот и го обезбедуваат потребниот материјал за работа. По насоки од наставникот дел од нив првично ја цртаат контурата на дрвото, а потоа нанесуваат бои со четката за да го насликаат дрвото и неговите гранки, а останатите нанесуваат боја за да ги доловат неговите листови.

Учениците сечат однапред испринтани на бела или хартија во боја врапчиња во зависност од тоа што обезбедил наставникот. Истите ги распоредуваат на различни места на заедничката ликовна творба.

Наставникот понудува од претходно обоениот материја со кој учениците би можеле да ги претстават црешите на цртежот (топчиња од памук кои се бојадисани во црвена боја, топчиња од црвени салфетки, црвени копчиња...). Секој ученик си избира по сопствена желба и го употребува во заедничката ликовната творба.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Се изложуваат ликовните творби на одредено место во училницата. Учениците ги разгледуваат и дискутираат за комбинирањето на средствата и материјалите при создавањето на нивната ликовна творба.

**Рефлексија на часот:**

Која активност ви беше најинтересна?
Што научивте?
Која игра ја играте пред да ги вкусите црешите?
Кој писател напишал стихотворби за овошје - цреши?

**Средства:**

Хамер, топчиња од памук кои се обоени во црвена боја, топчиња од црвени салфетки, црвени копчиња, подлога, хартија, водени / темперни бои, четка, палета, ИТ, телевизор, паметна табла.

**Меѓупредметна интеграција:**

Природни науки - Растенија што цветаат

Воннаставни активности и други активности

4.

Содржина (поими)

• Ликовен јазик во сликањето (големина, простор, тон, површина, дезен)

Стандарди за оценување

• Слика со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.

• Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Се предлага оваа активност наставникот и учениците да ја започнат со набљудување на блиската околина. Учениците се носат до најблиската височинка од нивното опкружување.Се поставуваат во две групи. Учениците од првата група се ставаат во позиција да го набљудуваат просторот и природата што се простира пред нив. Се поттикнуваат да ја отсликуваат големината на предметите со меѓусебна споредба, но и со определување на далечината на предметот кој го набљудуваат. За тоа време учениците од другата група секој опис на другачињата се обидуваат да го постават на соодветно место на нивниот цртеж, скица. Се поведува куса дискусија од која се извлекува заклучокот дека предметите што ги гледаме поблиску (се нацртани поголеми), а оние што се подалеку (се нацртани помали) во зависност одпросторот. Истата активност се повторува со промена на улогите на групите.

Додека трае прошетката наставникот прави неколку фотографии.

**Главни активности – искуствено учење:**

Учениците работат во две групи. Едната група работи на пејзажот што го забележале за време на прошетката, а другата група сликаат според направените фотографии од наставникот. Во училницата се поставуваат на видно место изработените цртежи од двете групи. Фотографиите направени од страна на наставникот се презентираат на телевизор или паметна табла. Се поведува дискусија со учениците. Преку дискусијата и активното набљудување на сопствените изработки и фотографиите на наставникот,се поттикнуваат да ја воочат големината на предметите на цртеж, слика наспроти нивната поставеност во природата, нивната поставеност на цртежот, нивната реална големина, нивната големина и поставеност во просторот на сликата.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Изработените ликовни творби се изложуваат во училишниот хол и истите се вреднуваат како од страна на учениците, така и од страна на останатите гости, другачиња од другите паралелки.

**Рефлексија на часот:**

Која активност ви беше најинтересна?
Што научивте?
Во која игра ја споредувате својата височина, големина со своите другарчиња?

**Средства:**

ИТ технологија, фотоапарат или паметен телефон,

**Меѓупредметна интеграција:**

Воннаставни активности и други активности

Математика - Мерење

Природни науки – Земјата, Сонцето и месечината

5.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во сликањето (големина, простор, тон, површина, дезен) |
| Стандарди за оценување | • Користи различни техники за сликање дезен. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Учениците ја играат играта асоцијација со зборовите: (ракавици, шалче, капа, чизмички, топли чорапи... за на крај да го откријат клучниот поим **зима**. Се поведува куса дискусија за зимата и временските карактеристики што ги носи таа со себе.<br>Учениците заеднички ја проследуваат приказна за лисичката плетачка. |

https://www.youtube.com/watch?v=1I8PvhOCnZI

Лисичката плетачка, видео сликовница на знаковен јазик.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Поттикнати од приказната учениците добиваат задача да се стават во улога на лисицата и да направат дезен, шара на ракавички, чорапи, шалче.

**Активност 2:** Учениците се делат во три групи: група ракавици, група чорапи, група шалче. Секоја група добива парче платно на кое треба да направи дезен со шара. Групата шалче прво го исцртуваат шалчето, а потоа со боја го претставуваат, сликаат и оформуваат својот дезен.
Групата ракавици ја цртаат својата рака, го креираат дезенот со боја и на крај ја кројат односно ја сечат ракавицата од платното.
Групата чорапи го исцртуваат своето стапало, а потоа го креираат дезенот со боја и го кројат платното.
На табла наставникот закачува нацртано момче и девојче на хамер. Предизвикот кај учениците е да ги стоплат момчето и девојчетео со своите ликовни творби. Ученикот кој прв ќе ја заврши активноста со лепак ја зацврстува ликовната творба, а со тоа момчето и девојчето добиваат чорапи, шалче, ракавици. За да можат да се истакнат на видно место сите изработки на учениците, во училницата се поставува макара на која со декоративни штипчиња се закачуваа сите изработки.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Се разгледуваат заедничките изработки и истите се вреднуваат од страна на другарчињата. Часот се заокружува со игра пантомима со која ќе го покажат она што го работеа на часот.

| **Рефлексија на часот:** | **Средства:** | **Меѓупредметна интеграција:** |
|---|---|---|
| Која активност ви беше најинтересна? Што научивте? Дали сте имале кукла од хартија која сте ја облекувале со ваши креации? Кога последен пат и со кого си ја играл игрте во која си бил моден креатор? | IT технологија, телевизор или паметна табла, интернет, водени боички, блок, четки | Математика - Работа со податоци<br>Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите<br>Воннаставни активности и други активности |

6.

Содржина (поими)

• Ликовен јазик во сликањето (големина, простор, тон, површина, дезен)

Стандарди за оценување

• Користи детали во сликањето и формира целина.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Учениците внимателно слушаат илустрирана приказна „Прстот што бои сино“, а потоа дискутираат за нејзината содржина. Вниманието им се задржува на сликата од морето и неговите бои. Им се поставува предизвик да ги добијат нијансите на сина боја.

Учениците го подготвуваат просторот за работа. Во договор со наставникот од претходниот час сите ученици пред себе на подлогата за сликање имаат старо ЦД кое го донеле од дома. Разговараат за неговата форма и големина, покрај линијата на внатрешниот круг нанесуваат сини топчиња од темперна боја, а покрај надворешниот круг нанесуваат бела боја. Наставникот им демонстрира на кој начин бојата треба да се распредели на цедето или им го пушта предлог линкот преку кој учениците добоваат јасни сознанија за начинот на работа преку кој ке добијат нијанси на бои/ тонови посветли и потемни, односно степен на светлина или количина на светлина од една боја.

https://www.youtube.com/watch?v=zw6Yr4Q7T5o

Во овој дел од часот се нанесуваат само боите и се формираат тоновите, не се завршува целосно активноста до крај како на линкот.

**Главни активности – искуствено учење:**

Се подготвува просторот за работа, а наставникот им го демонстрира начинот на нанесување на боја на поголеми листови од природата и кора од дрво и тоа како различна површина на која може да се слика.
Учениците се делат во две групи на следниот начин: Се поставуват во круг и ги затвораат очите. Еден ученик добива задача да им стави на челото на учениците самолепливо хартиено крукче. Такви крукчиња има во две бои. По поставување на крукчињата, учениците имаат задача без да зборуваат, само со мимики и гестови да ги пронајдат членовите од својата група. Бојата на крукчињата не мора да е предуслов за групирање на учениците. По необичното формирање на членовите на двете групи започнуваат со работа. Учениците нанесуваат бои, нежно поминуваат со четката и формираат тонови. Според проценка од наставникот групите ротираат со цел сите ученици да ја пробаат и другата површина на работа, со тоа што ја довршуваат работата на своите другарчиња.
Предлог линкови за дополнителни насоки во работата и оформувањето на сценариото на часот:

https://www.youtube.com/watch?v=zw6Yr4Q7T5o

пејзаж на природна површина лист.

**Активност 2:** Учениците се навраќаат на своите први ликовни творби на цеде и ја довршуваат работата сликајќи пејзаж /мртва природа уредувајќи го со детали, доловувајќи го просторот преку големината на формите и тонот на бојата.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

На крајот се прави изложба од ликовните изработки и нивно меѓусебно вреднување.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Кога и каде си играл со каменчиња?
На која друга подлога од природата би сакал да сликаш?

**Средства:**

ИТ технологија, темперни бои, бела темпера, лист од блок, ЦД, четки, природни материјали

**Меѓупредметна интеграција:**

Воннаставни активности и други активности
Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите
Општество – Населено место
Македонски јазик – Слушање и зборување

7.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во сликањето (големина, простор, тон, површина, дезен) |
| Стандарди за оценување | • Користи различни техники за сликање дезен.<br>• Користи детали во сликањето и формира целина. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Часот започнува со слушање народна песна. Се поведува дискусија за традицијата, културата, народните носии сличностите и разликите помеѓу различните култури во нашата земја. Наставникот им покажува слики/ илустриран материјал/постери/пауерпоинт-презентација во зависност од тоа каков материјал има за да се забележи конкретно шарата во народните носии и разликите помеѓу истите (скутник, чорапи, опинци, елек, појас, шамија).<br>Во училницата се закачуваат постери со слики од носија. Наставникот има подготвено парчиња платно за секој ученик. |

**Главни активности – искуствено учење:**

Наставникот исцртува контури на момче и девојче на хамер и ги закачува на паното. Предизвикот за учениците е да изработат модели на облека со дезени од делови народна носија и да ги закачат на содветно место на паното.

Учениците одбираат парче платно на кое ќе работат и сами одлучуваат кој дезен ќе го изработуваат. Тој што ќе заврши прв им помага на останатите во работата се додека целосно не се облечат моделите на паното. Со понудениот избор на средства секој ученик се вложува максимално восвојата ликовна творба.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Заедничко разгледување на добиената ликовна творба во која се поведува дискусија помеѓу учениците за начинот на работа и споделување искуство.Часот се заокружува и завршува со играње народно оро.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Каде си видел народни носии?
Кој ги носел носиите?
Помниш ли како изгледаат народните носии? Опши ги на своето другарче.

**Средства:**

ИТ технологија,
платно,темперна боја,
четки
и друг материјал
потребен за сликање

**Меѓупредметна интеграција:**

Воннаставни активности
и други активности
Македонски јазик -
Читање и пишување
Музичко образование –
Пееме, свириме и играме

8.

Содржина (поими)

• Ликовен јазик во сликањето (големина, простор, тон, површина, дезен)

Стандарди за оценување

• Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Во текот на седмицата учениците од паралелката заедно со наставникот треба да изготват изложбено пано кое ќе ги има карактеристиките на професионална изложба. Воедно заедно со наставникот пожелно е да се организира посета на изложба во градот каде што живеат или онлајн изложба на уметнички слики. Се прави селекција на готови изработки на учениците. Се истражува и се подготвува (од страна на учениците) начин на којшто ќе бидат поставени творбите, од рамки до изложбен простор и сл. Воедно се насочуваат учениците да истражат и на кој начин, односно што треба да содржи информацијата којашто ќе биде поставена покрај сликата на изложбата. Се договараат и активности како што се: движење на посетителите пропратено со подетални информации, како и изработка на летоци кои ќе ги привлечат посетителите. Изложбата може да биде проследена со ИТ (со која на интересен и необичен начин ќе биде покажан процесот на креирање на творбите и создавање на изложбата) или со музички перформанс или нешто слично што ќе го надополнува виденото, слушнатото, односно ќе ги надополнува сите сетила. За да го дадат бараниот ефект, сите активности како целина се работат заедно со учениците од погорните одделенија. Идејата за поставување изложба потребно е да биде целина од повеќе развојни периоди на воспитно-образовниот процес во училиштето.

**Главни активности – искуствено учење:**

Оваа активност треба да се постави и реализира како целина од проектна или истражувачка активност, којашто ќе се реализира во подолг временски период со почитување на сите чекори од тој приод на работа. Предлог темата за поставување на проектна или истражувачка работа ќе го насочи ученикот на почетокот при подготовката да ги воочува сите елементи на ликовната творба на паралелката или паралелките, бидејќи во текот на поставувањето на изложбата сите нејзини чекори од него ќе бараат да има јасна претстава, којашто ќе треба да ја пренесе во рекламата, преку рекламен материјал, во описот што стои покрај секоја изложена слика, во упатството, во облик на брошура која ќе го надополнува впечатокотна сите што ќе ја проследат изложбата со дополнителни информации. На таков начин ученикот ќе се оспособи да ги опишува своите и сликите на другарчињата со употреба на соодветен ликовен јазик.

Воедно во поставувањето на сите елементи на изложбата убаво е да се посвети внимание и на бон тон однесување на присутните во таков вид збиднувања од уметноста. Сите активности се работат заедно со наставниците и учениците од погорните одделенија и идејата за поставување изложба потребно е да биде целина од повеќе развојни периоди на воспитно-образовниот процес во училиштето.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Во склоп на активностите како целина од така поставена изложба сите учесници во нејзиното подготвување имаат за задача да изготват инструменти со кои ќе направат сопствена проценка колку се задоволни, што било соодветно направено, што од целиот вложен труд можело да се реализира на поинаков начин. За првиот развоен период вакви инструменти за самопроценка изготвува наставникот. Истите имаат за цел да ги ставаат впечатоците на учениците на пишан документ.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Која активност ви беше најинтересна?
Што научивте?
Дали си бил на изложба со твоите родители или друг член од твоето семејство?

**Средства:**

При поставување на проектот или истражувањето се прави точна проценка за потребните средства.

**Меѓупредметна интеграција:**

Воннаставни активности и други активности
Македонски јазик - Слушање и зборување
Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите
Музичко образование – Слушаме музика

## 9.

**Содржина (поими)**

- Секундарни бои и нијанси (портокалова, виолетова, зелена)

**Стандарди за оценување**

- Ги препознава и ги именува секундарните бои и нивните нијанси.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Реализација на активност во Работната тетратка. Учениците се делат во групи. Секоја група го решава крстозборот. Секој ученик го запишува решението индивидуално на сопствениот работен лист. Сите групи заеднички ја проверуваат точноста на своите решенија со преку заедничко пререшување на крстозборот со наставникот на паметна табла или телевизор.

Крстозбор за секундарни бои.docx

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** На празен ѕид во училницата се поставуваат две по две илустрации од детски чашки од кои што протекуваат во форма на капки, основните бои. Од првиот пар чашки протекуваат жолти и црвени капки, од вториот пар чашки сини и жолти капки и од третиот пар црвени и сини капки. Капките сликовито паѓаат во големи садови и тоа во првиот сад со портокалова боја, вториот сад со зелена и третиот со виолетова боја. Се поведува дискусија во која се именуваат примарните (основните бои), а воедно сенасочуваат учениците да извлечат заклучок во којшто ќе ги именуваат новодобиените бои, односно секундарните бои. (Работна тетратка со практична активност на учениците, сечење, лепење и добивање на секундарните бои од примарните на сликовите начин).

Прилог бр.1 шолји во боја.docx

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 2:** Игра меморија: Во училницата се поставува картичките (Работна тетратка) и тоа: 8 црвени, 8 сини, 8 жолти и 1 виолетова картичка, како и 1 зелена картичка и 1 портокалова картичка кои стојат настрана. Картичкитесо основните бои се поставуваат во 6 реда со 4 колони. Тие се поставенисо белата страна кон учениците, за да може кога ќе ги превртуваат да гоотворат обоениот дел. Истите ги именуваат и прават парови на бои кои ги поставуваат врз секундарните бои претставени на картички кои стојат од страна.Наставникот постојано ги насочува учениците да ги воочат боите (основните и изведените) и истите правилно да ги именуваат. Победник е онаа група којашто ќе направи поголем број на парови, односно ќе добие секундарнибои.

**Активност 3:** Игра со бои за кожа. Учениците ги именуваат поставените бои . Се формираат три групи. Секоја група добива по една основна боја. Секој член во групата на двете дланки од своите раце нанесува од бојата (наставникот посочува дека количината на боја не треба да биде нитупремногу ниту премалку, затоа што ниту со едното ниту со другото нема да се постигне посакуваниот ефект.). По нанесувањето на бојата секој ученик требада се поздрави со допирање дланка на дланка со другарче од другитегрупи. На таков начин ќе се добијат посакуваните секундарни бои кои учениците ќе ги именуваат.

Прилог бр.2
Картички со бои.docx

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Игра: Асоцијација. Учениците заеднички ја играат играта преку која се заокружуваат активностите како дел од поставениот стандард.

АСОЦИЈАЦИЈА
секундарни бои.ppt

| **Рефлексија на часот:** | **Средства:** | **Меѓупредметна интеграција:** |
|---|---|---|
| Што правевме денес?<br>Како се чувствувавте денес?<br>Смисли необична игра која би ја играл со другачињата во пакче или во дворот, а во која би употребил многу боја? | ИТ технологија, телевизор или паметна табла, бои,<br>Работна тетратка, ученички прибор | Вонаставни активности и други активности,<br>Математика - Мерење |

10.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Секундарни бои и нијанси (портокалова, виолетова, зелена)<br>• Ликовен јазик во сликањето (големина, простор, тон, површина, дезен) |
| Стандарди за оценување | • Добива секундарни бои со мешање на основните бои.<br>• Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Работна тетратка – необични форми. Самостојна активност на учениците во работната тетратка во која како мотив се земени графитите именувани како необични големи форми. Се проследуваат дадените линкови од коишто се црпат сознанијата за големите детски форми и нивниот начин на создавање. Посебно се насочува вниманието на децата кон боите кои се нанесуваат на ѕидните површини. Како ќе се добијат секундарните бои на таков начин? |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Учениците се делат во три групи и се поставуваат во два реда, во две колони едни наспроти други. Првата група/колона, на цврста подлога (дебело картонче, пластика, плексиглас или дрвенаподлога) имаат нанесено темперна основна црвена боја. Другата група/колона која стои наспроти првата на своите подлоги имаат нанесено темперна основна жолта боја. Учениците од третата група со експресија од сопствени движења на музика од следниот линк се движат помеѓу двете колони. Со дланките, односно со прстите допирајќи ја бојата од подлогите,апотоа ја нанесуваат на поголем хамер на ѕидната површина од училницата. Наставникот ги насочува учениците на поставениот хамер бојата од дланките да ја испреплетуваат една со друга односно да ја мешаат. На ист начин се повторува играта овој пат со цел да се добијат секундарните бои: зелена и виолетова.

**Активност 2:** Бидејќи на подлогите ќе остане одредена количина на боја тие се поставуваат на едно место во училницата. Секое дете добива парченце од исечени сунѓерчиња. Задачата на учениците е најпрво да го погледнат хамерот и онаму каде што гледаат основна боја на сунѓерчето да нанесат друга основна боја, да се придвижат кон хамерот и со нанесување на бојата од сунѓерчето да ја создадат секундарната боја. Наставникот е задолжен да ги насочува во духот на создавање на секундарните бои, но никако во претворање на површината во темни измешани недефинирани бои.

**Активност 3:** На ист начин како и втората активност се реализира и оваа активност. Учениците овој пат добиваат чепкалки за уши со коишто ќе треба да интервенираат и на најмалите површини на хамерот.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Пред завршената ликовната творба на учениците, се поведува дискусија преку којашто ја опишуваат сопствената слика со употреба на соодветен ликовен јазик.

| **Рефлексија на часот:** | **Средства:** | **Меѓупредметна интеграција:** |
| --- | --- | --- |
| Која активност ви беше најинтересна?<br>Што научивте?<br>Каде си забележал големи цртежи или слики на ѕид? | ИТ технологија, бои, прибор, сунѓерчиња, чепкалки, хамер, палети од различни подлоги како дел од материјал за рециклирање | Воннаставни активности и други активности<br>Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите<br>Музичко образование – Слушаме музика<br>Македонски јазик – Слушање и зборување |

## 11.

**Содржина (поими)**

• Секундарни бои и нијанси (портокалова, виолетова, зелена)

**Стандарди за оценување**

• Ги применува секундарните бои и нивните нијанси за сликање ликови, предмети и објекти поврзани со домот, училиштето и местото на живеење.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Со учениците се поведува дискусија со проследување на презентација во која е направена целина од избор на пејсажи од Сезан.

Пејсажи од Сезан.pptx

Се разговара по однос на боите на пејзажите, особено на секундарните бои. Учениците се делат во групи. Активност од Работна тетратка. Во секоја група се поставува по еден бел хамер и имаат за задача од добиените слики да создадат сопствена слика и тоа на следниов начин: од секој пејзаж да позајмат еден дел (небо, дрвја, планини, јаболка) со сечење на истиот и лепење на хамерот.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Од направените колажи на групите паралелката заедно ги опишуваат новите слики при што го користат соодветниот ликовен јазик, односно простор, површина и големина.

**Активност 2:** Учениците го подготвуваат просторот за сликање со цел да се внимава на хигиената на училницата и на учениците. Се поведува дискусија со учениците како би изгледала училницата кога целата би се насликала со секундарни бои. Преку дискусијата учениците се насочуваат да размислуваат за улогата на зелената боја да ги одмора очите на човекот, за присуството на зелената боја кај растенијата и за значењето на растенијата за човекот. Во склоп на дискусијата учениците треба да извлечат заклучок од потребата за што поголеми зелени површини во нивното опкружување, посебно во нивниот училиштен двор.

**Активност 3:** Учениците сликаат мотив училишниот двор според сопствена замисла. Како ликовен материјал се употребуваат секундарните бои (темперни бои) за да се добијат сознанија за поимите: простор, површина, големина.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Се прави мала изложба од готовите изработени творби на учениците. Потоа се поведува дискусија преку која што учениците ги опишуваат сопствените слики со употреба на соодветен ликовен јазик (простор, големина, површина, секундарни бои).

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
|---|---|---|
| Што правевме денес? Како се чувствувавте денес? Зошто растенијата се зелени? Колку ти се грижиш за природата? Како се грижиш за здравјето на земјината топка? | ИТ технологија, телевизор, паметна табла, бои, хамер, ученички прибор | Воннаставни активности и други активности<br>Македонски јазик - Читање и пишување<br>Природни науки - Растенија што цветаат<br>Музичко образование - Слушаме музика |

Прилог 1 (Истиот е поставен и во Работната тетратка за ученици)











12.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Секундарни бои и нијанси (портокалова, виолетова, зелена) |
| Стандарди за оценување | • Ги применува секундарните бои и нивните нијанси за сликање ликови, предмети и објекти поврзани со домот, училиштето и местото на живеење. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Работните места на учениците се уредуваат со цел да се внимава на хигиената на учениците и во училницата. Пред нив се поставуваат лист од хамер (формат по избор на наставникот), 9 парчиња подебела волница (парчињата волница да бидат поголеми од форматот на хамерот). Со цел да се биде економичен во употребата на боите во група им се поставуваат на учениците 3 пластични теглички со растворена (не многу) боја и тоа зелена, портокалова и виолетова. Учениците ги потопуваат парчињата волница една по една напоредно поставувајќи ги по сопствена замисла во кривулест облик на хамерот и тоа искористувајќи ги по три волнички за секоја боја. Откако ќе ги постават врз хамерот преклопуваат обичен употребен лист хартија или парче весник. Со левата рака притискаат, а со десната рака ги фаќаат крајчињата на сувиот дел од волницата и полека ја повлекуваат истата надвор од хартијата. Потоа се трга горниот непотребен лист, а пред нив добиваат пејзаж од секундарни бои. |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Учениците сликаат **овошни плодови**. Како изразни средствасе употребуваат: основните и секундарните бои, големината и формата. Ликовен материјал кој се користи – водени бои и пастел во комбинација. Пред да започнат со сликањето пастелот го рендаат на претходно донесени или обезбедени од страна на наставникот парченца шмиргла. Добиената прашина од пастелот се насолува на листот од хартија на којшто учениците нацртале различни овошни плодови. Оваа активност сама по себе ќе има истражувачки карактер бидејќи учениците треба да бидат ставени пред предизвик: Што ќе се случи кога врз одредена боја на пастел се нанесе водена боичка?

**Активност 2:** На лист хартија цртаат предмети од домот (или училиштето). Со пена за бричење го исполнуваат внатрешниот простор, односно текстура. Со прехранбени бои кои се во тврда состојба посолуваат врз пената. За да се запомни изгледот на добиената форма, наставникот прави фотографии со мобилен апарат.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Се истакнуваат готовите творби и фотографии од изработки на учениците. Потоа се поведува дискусија преку која што учениците ги опишуваат сопствените слики со употреба на соодветен ликовен јазик (простор, големина, површина, секундарни бои).

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Размисли и опиши ни една игра која си ја играл во твојот дом, а е поврзана со необичен материјал со кој си се обидел да сликш? (на мама шминките, на тато пената за бричење...)

**Средства:**

ИТ технологија, телевизор, паметна табла, бои, ученички прибор, волница, овошје

**Меѓупредметна интеграција:**

Вонанставни активности и други активности
Македонски јазик – Слушање и зборување
Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите

13.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Секундарни бои и нијанси (портокалова, виолетова, зелена) |
| Стандарди за оценување | • Создава колаж со примена на секундарни бои од природни и вештачки материјали. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:** Воспоставување врска со искуственото учење на учениците со веќе обработена приказна „Принцезата на зрно грашок“. Дискусија со учениците за содржината на приказната со посебен осврт на ликот, принцезата. |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Учениците се делат во групи. Прва група на купче песок на распослано на рамен сад ги црта контурите на принцезата со што ќе го долови нејзиниот изглед. Втора група истата активност, но на брашнеста површина. Трета група истата активност на сол.

**Активност 2:** Учениците се делат во три групи. Секоја група пред себе добива пластични провирни чаши и прехранбени бои (основни бои). Секоја група прави мало истражување во коешто со мешање на основните бои добива секундарни бои (портокалова, виолетова и зелена). На таков начин учениците го поврзуваат своето претходно искуствено учење за секундарни бои (портокалова, виолетова и зелена).

**Активност 3:** За да се реализира оваа активност прибирањето на материјалите може да се поврзе со активности како вонаставните или други активности, па дури и како дел од темата работа со податоци по предметот Математика. Видот на материјалот се остава на избор на наставникот заедно со учениците, како и на можностите кои им ги дава блиската околина. Предлог материјали за работа, за реализација на оваа активност можат да бидат: листови од дрва, пластика, обвивки од различни производи, весници, пердуви (вештачки или природни) и друг декоративен материјал кој вообичаено децата го употребуваат во својата игра. Подлога на која што ќе работата учениците е половина А4 формат- хамер. Најпрво со молив се насочуваат учениците наспроти обидите во активност 1 да нацртаат контурна линија на принцезата, а потоа се оставаат во самостоно да ја обмислат текстурата (поимите контура и текстура не се именуваат со учениците). Изгледот на облеката, на нејзината коса и останато секој ученик од креира од материјалот кој го има на располагање, но воедно се поттикнува и меѓусебна соработка, споделување. При работата на учениците преку интеракција со наставникот се повторуваат секундарните бои.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Се проследува дел од цртаниот филм „Принцезата на зрно грашок“ и со поголемо внимание на изгледот на принцезата и нејзината облека. Се отстранува вишокот хартија и од добиените изработки - принцези паралелката изработува заедничка сложувалка. Од истиот може подоцна да се креира проектна активност во која ќе се промовираат модни решенија на учениците.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
| --- | --- | --- |
| Која активност ви беше најинтересна?<br>Што научивте?<br>Кога и каде сте играле игра во која сте се обиделе да креирате облека. | ИТ технологија, телевизор, паметна табла, хамер, природен и вештачки материјал, бои, ученички прибор | Физичко и здравствено образование - Играм и спортувам<br>Математика - Геометрија<br>Македонски јазик - Слушање и зборување<br>Вонаставни активности и други активности |

# 14.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Секундарни бои и нијанси (портокалова, виолетова, зелена) |
| Стандарди за оценување | • Слика на компјутер, користејќи ги и примарните и секундарните бои и нивните нијанси. |

Сценарио на часот

**Воведни активности - активирање на предзнаења:**

Учениците се поделени во парови. Секој пар пред себе пожелно е да поседува компјутер. На учениците им се дава насока да истражуваат на интернет за постоечките апликации - компјутерско мешање на основните бои и добивање на секундарните. По истражувањето на апликациите следува презентација на истите, пред останатите ученици од страна на секој пар. (пример за апликации на компјутерско мешање на боите:

https://trycolors.com/
https://color.adobe.com/create/color-wheel
https://colordesigner.io/color-mixer).

Учениците преку различни апликации на компјутер или "паметен" телефон гледаат како се мешаат основните бои и се добиваат секундарните бои.

Активноста може да е пропратена и со проследување на истата активност на еден телевизор или паметна табла каде сите ученици заеднички ќе следат, ако не постојат услови за поединечно или групна реализација на активноста.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Секој од паровите на интернет пронаоѓа разновидни начини на претставување на основни и секундарни бои. Како слики секој од паровите може да ги постави на word документ кој треба да го сними на компјутерот.






**Активност 2:** Парот ученици на својот компјутер ја отвораат програмата за цртање Пеинт (Paint) во која по сопствен избор цртаат круг на основни и секундарни бои.
Потоа изработуваат компјутерска слика со топли, ладни бои и нивните нијанси. Во текот на активноста се поведува дискусија со која дополнително учениците се насочуваат во доменот на ликовниот јазик, но и во вештините за ИТ-работа.



**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Сосема на крајот од часот се прави видеореклама со сите изработки од учениците.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
| --- | --- | --- |
| Што правевме денес? Како се чувствувавте денес? Кој аплкации ги користиш на твојот паметен телефон, а се поврзани со сликање? | ИТ технологија, телевизор и паметна табла | Воннаставни и други активности Математика - Геометрија Македонски јазик - Медиумска писменост |

# ТЕМА

# Пластично обликување и градење

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- прави различни фигури од природни и вештачки материјали за обликување;
- користи различни техники (сечење, лепење, превиткување, спојување, оригами и сл.) во пластичното обликување;
- моделира тридимензионални форми и да гради различни фигури од различни материјали;
- користи компјутер во пластичното обликување и градење;
- развива сензомоторни вештини;
- развива креативност преку пластичното обликување и градење;
- стекнува хигиено-технички и работни навики.

https://www.bro.gov.mk/

1.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | •Подлоги, средстваиматеријализапластичнообликување и градење и нивна употреба (глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали) |
| Стандарди за оценување | • Идентификува различни средства и материјали за обликување, моделирање и градење.<br>• Разликува различни облици и градби. |
| Сценарио на часот | |

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Природните науки и материјалите кои ги истражуваат учениците, поврзани со Земјата и нејзиното место во Сончевиот систем, заедно со музиката и балетот како примамлив танц за децата, во соднос со животни вештини и грижа за животната средина се поставува како целина која ќе започне со овој час, но ќе се реализира во подолг временски период и во повеќе делови од работниот ден.
Наслов „Приказна за Плашливка". Во повеќе делови од училницата се поставуваат испечатени листови со делови од следната приказна:
Во космосот, во неговиот центар живееше Плашливка. Убавица која пленеше со својот поглед, со жар ведрите очи, со раскошниот изглед на нејзината коса со нејзината големина. Но, освен убавината таа во себе криеше неверојатна добрина. Желбата со секого да другарува, да танцува, да се забавува, да помогне, секому рака да подаде, да биде пријател, да сака, да сака онака вистински. Знаете како? Како кога ќе подадеш раце и во прегратката ќе го сместиш тато и силно, силно ќе го притиснеш, но тивко ќе шепне: Татичко, многу те сакам! И сѐ ќе беше совршено, ако Плашливка ја немаше својата мака. Таа толку многу светеше и грееше што секој кој поблиску ќе ѝ се доближеше го гореше. Ете тоа беше нејзината мака, затоа многу се плашеше кому било да се доближи. Од далеку ги гледаше планетите како си играат, се вртат, се забавуваат. Ги гледаше и децата на Земјата, оние мали суштества со кои најмногу сакаше да другарува. Само кога ќе се подзаборавеше гледајќи во нивната игра и рака кон нив ќе подадеше, веднаш по дома се разбегуваа. Од нејзината жештина пробуваа да се задскријат. Го сакаше мирисот на цвеќињата, зеленилото на дрвјата, тревите, бистрината на водите, сакаше се она што е на таа необична планета наречена Земја. Колку повеќе ѝ се воодушевуваше и пламтеше од срека, толку повеќе штета правеше, толку повеќе тажни лица гледаше. Сѐ почесто и сѐ повеќе беше тажна.....
Учениците се поделени во групи. Секоја група добива за задача да поминат покрај секој дел од приказната, заеднички сите членови на групата да се договорат, секој член од групата да препише по еден дел (листови подготвени од наставникот со доволно простор за секоја содржина, со соодветни линии за убаво пишување) и тоа ракописно.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Откако ќе ја препишат содржината од деловите на приказната, членовите на групите се соединуваат и на бело картонче ги поставуваат деловите од текстот, со тоа што внимаваат да ја подредат неговата содржина така што ќе има логичен редослед на настаните.
**Активност 2:** Секоја група треба да направи дел од целината на оваа содржина.
Прва група: Ја обликува Плашливка.
Втора група: Ја обликува земјината топка и нејзините жители.
Трета група: Го обмислува космосот.
Сите три групи треба да користат различни материјали за обликување и тоа картонски кутии од различни производи, тесто, глина/кал, пластелин (кои самостојно ќе ги добијат, а не да ги купуваат), предмети од природата (да се поттикнува креативност на учениците во однос на изборот на материјали кои можат да ги употребат, а се дел од нивното секојдневно опкружување дома, во училиштето, во играта).
Дел од активностите како дел од оваа активност, наставникот може да ги реализира и на часот по Математика, кога работи геометрија – три де форми. Во склоп на другите активности односно воннаставните активности наставникот може да реализира дел од оваа активност во однос на изнаоѓање решение за проблемот со кој се соочува Плашливка. Зошто токму името Плашливка? Од што се плашела таа? Да се начнат теми од секојдневните проблеми со кои наидуваат учениците. На пример: Кога и како треба да се кажува вистината? За што сè се правиме важни? Дали сите нè прифаќаат такви какви што сме? Кога треба да се менуваме и зошто? Можеме ли на Плашливка да ѝ ставиме маска? Што значи да ставам маска?
**Активност 3:** Сите групи заедно треба да пронајдат решение за маката на Плашливка. Решението на паралелката треба да биде во пишана форма како дел од белото картонче. Воедно решението треба да се претстави и како дел од целата макета (поим само за наставникот) која ќе ја изработат учениците (на пр. мост, тунел, млечен пат или слично).

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Активноста може да се заокружи на повеќе начини: 1. Направете драматизација. 2. Поканете гости. 3. Фотографирајте, а наставникот нека направи видео од вашите фотографии. 3. Користете компјутерска апликација во која ќе пренесете дел од приказната.

| **Рефлексија на часот:** | **Средства:** | **Меѓупредметна интеграција:** |
| --- | --- | --- |
| Што правевме денес? Како се чувствувавте со Плашливка? Може ли Плашливка да биде наш другар, другарка од непосредното опкружување. | ИТ технологија, природни и вештачки материјали од непосредното опкружување на ученикот | Воннаставни и други активности<br>Математика<br>Македонски јазик<br>Природни науки |

# 2.

**Содржина (поими)**

• Подлоги, средстваиматеријализапластичнообликување и градење и нивна употреба (глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали)

**Стандарди за оценување**

• Користи и комбинира различни средства и материјали за создавање облици и градби.

**Сценарио на час**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Во училишниот двор. Учениците добиваат лист хартија. На листот хартија треба да нацртаат три предмети. На секој од предметите треба да му ги претставаат составните елементи од кој е создаден, изграден. Секој предмет е целина од повеќе делови.

**Главни активности – искуствено учење:**

Се поведува дискусија за нацртаните предмети. Учениците ги посочуваат деловите на секој нацртан предмет како и материјалот од кој се направени. Учениците се поделени во групи. Секоја група има своја тема на работа.



**Прва група:** Тема: Сите сме слични, но многу различни. Пред учениците во првата група се поставуваат претходно прибавени вештачки материјали и тоа: цевки, пластични шишенца, пластична проѕирна кутија за колачиња, (исечени на кругчиња од страна на наставникот, силиконско пиштолче со кое исклучиво работи наставникот, ножици). Учениците од групата имаат задача да обликуваат детски очила и воедно да напишат неколку реченици со кои што ќе покажат дека секој недостаток има своја предност. (Работна тетратка за ученици.)

**Главни активности – искуствено учење:**

**Втора група:** Тема: „Подарок за моето другарче“.
Учениците изработуваат накит од природни материјали, подебела волница. Најпрвин волницата се чешла со четкичка за заби или со четка за чешлање коса на кукли, со цел да се разбушават влакненцата. Од добиената волница обликуваат различен накит. Групата има за задача да напишат неколку реченици со коишто ќе покаже гест на пријателство. (Работна тетратка за ученици)



**Трета група:** Тема: Здрава храна.
Учениците обликуваат идејни решенија од различни форми на чоколадни предмети, но воедно имаат за задача да дадат предлог рецепти за приготвување на здрави благи оброци. Предлог материјали: семиња, мед, суво овошје, јаткасти плодови и др.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Презентирање на финалните продукти од страна на групите и нивно групно вреднување.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
|---|---|---|
| Што правевме денес?<br>Како се чувствувавте денес?<br>Кој готви во твојот дом?<br>Си подготвувал ли вкусна храна со член од твоето семејство?<br>Знаеш ли некој рецепт? | ИТ технологија, телевизор, паметна табла цевки, пластични шишенца, пластична проѕирна кутија за колачиња, (исечени на кругчиња од страна на наставникот, силиконско пиштолче, ножици, волница, природни материјали, подебела волница, чоколадни предмети. | Воннаставни активности и други активности,<br>Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите<br>Македонски јазик – Читање и пишување. |

3.

Содржина (поими)

• Ликовен јазик во пластичното обликување и градење (пластично обликување, моделирање, градење, тридимензионална форма, големина, простор, тон, површина, облик, скулптура, фигура, макета, рециклиран/отпаден материјал, каширање)

Стандарди за оценување

• Обликува и гради тридимензионални форми.
• Користи компјутер во пластичното обликување и градење.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Секој ученик пожелно е да ја реализира активноста индивидуално на компјутер или таблет. Ја отвора програмата Мајкрософт ворд (Microsoft Word), на којашто ќе работат овој час. На учениците им се посочуваат алатките кои ќе гикористат и им се даваат насоки за работа. Учениците требада создадат слика на тема: „Мојот дом, мое царство“, со користење на 3Д формите.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Учениците започнуваат со работа, така што ги користат претходно посочените алатки од страна на наставникот за обликување и градење со тридимензионални форми за создавање на сликата на тема: „Мојот дом, мое царство“.
**Активност 2:** Секој ученик своето компјутерски изградено царство го презентира пред своите соученици и го опишува со зборови дворецот кој го има замислено, а потоа и направено на компјутерот.
Ова сценарио на час може да е проследено, пропратено со проект или истражувачки метод на работа во кој ќе се опфатени сите, чекори на работа. Ќе опфаќа поголема временска рамка и ќе нуди проширување при реализација на поголем број стандарди од повеќе подрачја и предмети. Како поттик во креирањето на чекорите на една проектна активност би биле: истражување на различни материјали, предмети и нивните елементи и материјали од кои се направени, нивна намена, креативно решение на предлог предмет кои би се создавале, потребни материјали и нивна меѓусебна можност за поврзување и создавање на нов предмет. Работа со материјали за рециклирање, заштита на животната средина и сл.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Сосема на крајот со тајно гласање се одбира најдобриот компјутерски дом – царство создаден од учениците. Следи прогласување на најдобриот.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
|---|---|---|
| Што правевме денес? Како се чувствувавте денес? Колку често играш на паметниот телефон? Колку често го користиш паметниот телефон за активности со кои си ја олеснуваш работата во училиштето? | ИТ технологија, телевизор или паметна табла, копјутер, таблет, интернет. | Математика – Геометрија Вonнаставни активности и други активности |

4.

Содржина (поими)

• Ликовен јазик во пластичното обликување и градење (пластично обликување, моделирање, градење, тридимензионална форма, големина, простор, тон, површина, облик, скулптура, фигура, макета, рециклиран/отпаден материјал, каширање.)

Стандарди за оценување

• Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.
• Обликува и гради тридимензионални форми

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Учениците се делат во три групи. На едно место го собираат отпадниот материјал кој го донел секој од нив (кутии од лекови, чевли, хартиени и најлонски кеси, вреќички, капачиња, текстил, итн). Групите го подготвуваат својот простор за работа, а наставникот им дава хамер кој ќе треба да го претворат во градби по нивно сопствено доживување.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Учениците во секоја група создаваат градби со различна големина, во поголем и помал простор, по сопствено доживување и имагинација.

**Активност 2:** По создавањето на градбите, учениците со темперни бои ги бојат истите, како и улиците и парковите кои се составен дел од целината.

**Активност 3:** По еден ученик избран како претставник од групата го презентира своето дело од градби.

Ова сценарио на час може да е проследено, пропратено со проектна или истражувачки метод на работа во кој ќе се опфатени сите, чекори на работа. Ќе опфаќа поголема временска рамка и ќе нуди проширување при реализацијата на поголем број стандарди од повеќе подрачја и предмети. Како предлог-теми: „Мојата околина од картон“, „Мојата околина од стиропор“, „Визионерски во материјалите на иднината“ и сл.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Следи избор на најдобро дело со градби од трите групи. Создаденото дело се поставува во холот на училиштето, како би можеле да ја видат поголемиот дел на ученици и наставници од училиштето.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
| --- | --- | --- |
| Која активност ви беше најинтересна? Што научивте? Кога одиш на одмор, која игра на песок ја обожуваш? Која фигура ти е најдрага направена од песок, во твојата блиска околина? | ИТ технологија, телевизор, бела табла, материјал за рециклирање, природен и вештачки материјал | Математика - Геомтрија Општество - Населено место Природни науки - Живите суштества и нивните живеалишта Воннаставни активности и други активности |

5.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во пластичното обликување и градење (пластично обликување, моделирање, градење, тридимензионална форма, големина, простор, тон, површина, облик, скулптура, фигура, макета, рециклиран/отпаден материјал, каширање) |
| Стандарди за оценување | • Прави разлика меѓу моделирање, обликување и градење.<br>• Самостојно обликува и гради различни фигури од различни материјали. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Со учениците се поведува дискусија на тема: „Животните од моето село“<br>(Линк за изработка на животни од пластелин) |

https://crumbavenue.com/tutorials

**Главни активности – искуствено учење:**

Учениците се делат во три групи.
Првата група ќе моделира, втората ќе обликува, а третата група ќе гради.
Прва група: Пред учениците се поставува следниов материјал: едно животно (пластична играчка). Учениците најнапред животното го обложуваат со најлонска фолија. Сечат мали парченца хартија. На парченцата хартија ставаат лепило (дрвофикс, штирак, брашно со вода). Потоа ги поставуваат врз телото на моделот животно. Откако ќе го обложат целото животно, со фен поттикнуваат побрзо сушење на мократа хартија. Кога хартијата ќе биде сува, ја одвојуваат од моделот. На местото на екстремитетите на животното (или потесни делови кои не можат да ги создадат) на ваков начин се поставуваат дрвени стапчиња на коишто исто така се нанесува хартија со цел да се моделираат екстремитетите кои недостасуваат.
Втора група: Обликува растенија од глина или пластелин како на пример: дрвја, грмушки.
Третата група гради различни објекти од обновливи материјали, како на пример: куќа, штала, бунар, трло итн од картонски кутии, хартија и друг природен или вештачки материјал.
На крајот на активноста по завршувањето на секоја група, во еден дел од училницата е поставено импровизирана ливада, претходно подготвена од наставникот на којашто секоја група треба да ги постави своите изработки и да одговори на темата.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

На крајот на активноста учениците ја анализираат готовата селска идила и ги вреднуваат своите изработки. Активноста може да продолжи и во други активности или како домашна задача. Секој ученик по сопствен избор да моделира, обликува или гради друг предмет.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
| --- | --- | --- |
| Што правевме денес?<br>Како се чувствувавте денес?<br>Досети се на една слична игра на оваа! Раскажи ни ја! | ИТ технологија, телевизор, паметна табла, вештачки или природен материјал | Воннаставни активности и други активности<br>Природни науки - Живите суштества и нивните живеалишта<br>Македонски јазик - Читање и пишување |

# ТЕМА

# Печатење и дизајн

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- прави шаблони за печатење и да печати самостојно со комбинација на отпечатоци (создава шара/ декорација);
- печати со помош на компјутер и печатач;
- изработува дезен (шара), украс, накит и декорација, со примена на различни ликовни елементи, средства и материјали за дизајнирање;
- дизајнира, со примена на компјутер и фотоапарат;
- развива сензомоторни вештини;
- развива креативност преку печатење и дизајнирање;
- ги развива и негува хигиено-техничките и работните навики.

1.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Подлоги, средства и материјали за печатење и нивна употреба (печатење, подлога, материјал и средства за печатење, картон-печат, шаблон, природни и вештачки материјали, хартија и печатач) |
| Стандарди за оценување | • Користи природни и вештачки подлоги, материјали и бои во печатењето.<br>• Прави разлика и споредува отпечатоци, подлоги и шаблони. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Учениците се поделени во три групи. Секоја група добива кутија во која има природни и вештачки подлоги (глинамол, мазна хартија, шамивче или парче еднобојно платно, рапав картон), материјали (во првата кутија има три балони, три ластичиња и три топчиња направени од алуминиумска фолија; во втората кутија има мала најлонска кеса; а во третата кутија има капачиња во различна големина) и неколку различни темперни бои. Учениците имаат за цел да го подготват својот простор за работа, да ги постават подлогите, да го разгледаат материјалот кој се наоѓа во нивната кутија и да разменат идеи за работа со истиот. |

**Главни активности – искуствено учење:**

Следува работа во групите.

**Прва група:** Учениците го подготвуваат материјалот (види прилог слики) кој се наоѓа во нивната кутија, а тоа се балоните, ластичињата и топчињата од алуминиумска фолија, за работа на природните и вештачките подлоги. Темперните бои ги истураат на рамна површина (пластичен капак, парче пластика итн.). Така подготвените балони со алуминиумски топчиња ги натопуваат во веќе истурените бои и започнуваат да оставаат отпечатоци на природните и вештачки подлоги. (Линк од видеоматеријал, наменето само за наставникот: https://youtu.be/NCTrnNn7UUg)



Балон, ластиче и топче од алуминиумска фолија или цамлија



Топчето од алуминиумска фолија (цамлија) се става во балонот



Балонот се врзува со ластиче околу топчето



Балонот се превртува, врзаното ластиче да дојде од внатрешната страна



Балонот се дува, но не многу и се подврзува



Така подготвениот балон се натопува во бојата со делот каде што се наоѓа топчето



Со така натопениот балон оставаме отпечатоци на секоја од дадените подлоги

**Втората група:** Учениците го подготвуваат материјалот (види прилог слики) кој се наоѓа во нивната кутија, а тоа е мала најлонска кеса, за работа на природните ивештачките подлоги. Темперните бои ги истураат на рамна површина (пластичен капак, парче пластика итн.). Најлонската кеса се подврзува на крајот од едниот агол и се превртува, така што подврзаниот дел да дојде од внатрешната страна на кесата. Така превртената кеса се полни со воздух и се врзува со ластиче. Подготвената кеса се натопува во веќе истурените бои и започнуваат да оставаат отпечатоци на природните и вештачките подлоги. (Прилог слики подолу.)
(Линк од видеоматеријал, наменето само за наставникот:
https://youtu.be/BoDQfNoPUrY)



Мала најлонска кеса



Се подврзува едниот агол од кесата



Се превртува подврзаниот дел да дојде од внатрешна страна на кесата



Кесата се полни со воздух



Се подврзува со ластиче



Така подготвената кеса се натопува во веќе подготвените темперни бои



А потоа се става отпечаток на различните видови на подлоги

**Третата група:** Учениците го подготвуваат материјалот (види прилог слики) кој се наоѓа во нивната кутија, а тоа се капачиња во најразлична големина, за работа на природните и вештачките подлоги. Темперните бои ги истураат на рамна површина (пластичен капак, парче пластика итн.). Капачињата едно по едно се натопуваат во веќе истурените бои и започнуваат да оставаат отпечатоци на природните и вештачките подлоги. Прилог слики подолу.
(Линк од видеоматеријал, наменето само за наставникот:
https://youtu.be/OlDJxKDgnoo)





**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Секоја група на три различни места во училницата, претходно дефинирани од страна на наставникот, ги поставува своите подлоги со отпечатоците на нив и еден претставник од групата дискутира пред останатите ученици за разликата и споредбата на отпечатоци, подлоги и шаблони кои претходно ја воочиле во својата група. Тоа го прави секоја група за своите изработки.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Досети се на слична активност која си ја правел со своите другарчиња.
Раскажи ни ја!

**Средства:**

IT технологија, балони, ластичиња и топчињата од алуминиумска фолија,
мала најлонска кеса пластичен
капак, парче пластика природни и вештачки подлоги.

**Меѓупредметна интеграција:**

Вонnаставни активности и други активности
Математика - Геометрија
Македонски јазик - Слушање и зборување

2.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Подлоги, средства и материјали за печатење и нивна употреба<br>(печатење, подлога, материјал и средства за печатење, картон-печат, шаблон, природни и вештачки материјали, хартија и печатач) |
| Стандарди за оценување | • Користи компјутер и печатач за печатење. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Учениците го подготвуваат својот компјутер за работа. Ја отвораат програмата Пеинт (Paint), во којашто ќе работат на овој час. Им се посочува на учениците дека по создавањето рамка за слика, ќе следи и печатење на истата. (Наставникот пожелно е да обезбеди принтер во боја на кој ги печати сите ликовни творби од учениците) |

Уметноста на поинаков начин:

| | |
|---|---|
| Сликање на сол | https://www.skiptomylou.org/easy-fun-salt-painting/ |
| Сликање со пења за бричење или шлаг пена | https://onelittleproject.com/how-to-make-puffy-paint/ |
| Како да направите материјал за моделирање | https://www.thebestideasforkids.com/cloud-dough/ |
| Уметноста и науката заедно | https://abcdeelearning.com/kids-science-experiments/ |
| Сликање со меурчиња | https://www.hellowonderful.co/post/watercolor-bubble-art-trees/ |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** На голем екран, телевизор или LCD проектор на сите ученици им се даваат насоки за изработка на рамката за слики. Прилог слики во продолжение)



Најпрво се исцртува рамката




Рамката се дизајнира според сопствената замисла и желба на детето

**Активност 2:** Сите ученици започнуваат да ја дизајнираат рамката за слика, а наставникот постојано ја следи нивната работа и дава дополнителна помош каде што е потребно.

**Активност 3:** По завршувањето на дизајнирањето на својата рамка секој ученик треба да го зачува својот дизајн на рамка во компјутер (FILE > SAVE AS > JPEG Picture)




**Активност 4:** Сите дизајнирани рамки од учениците се печатат на печатач во боја. На претходно подготвено картонче се лепи испечатената рамка за да се добие поцврста основа, а во неа секој ученик си лепи своја фотографија која ја има донесено од дома. Може да се направи и рамка за семејна фотографија и да се направи интеграција со Општество кога работиме за семејството.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Сите подготвени рамки со фотографии се закачуваат на еден голем хамер или пано. Заеднички се анализираат и вреднуваат.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
|---|---|---|
| Која активност ви беше најинтересна? Што научивте? Дали си сретнал на интернет слични идеи за изработка на предмети? (Англиски израз за тоа е art crafts.) Обиди се да Пронајдеш нови! Сподели ги твоите идеи со другарчињата! | ИТ технологија, телевизор, паментна табла, картон, лепило, ученички прибор. | Вонаставни активности и други активности Математика - Геометрија Македонски јаик – Читање и пишување |

Уметноста на поинаков начин:

| | |
|---|---|
| Сликање со волница | https://picklebums.com/yarn-painting/ |
| Обликување со алу. фолија | http://doodles-and-noodles.blogspot.com/2012/10/figurative-sculpture.html?m=1 |
| Обликување со цевки | http://krokotak.com/2017/06/dance-craft-ideas/ |
| Маски и обликување | https://mungfali.com post/3D672E0765EF1970F4E 3FE2156FF6D2B771E1AC7 |
| Повторно, уметноста и науката | https://www.thebestideasforkids.com/walking-water-experiment/ |

3.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, декорација, монотипија, композиција) |
| Стандарди за оценување | • Прави шари/декорации со повторување на исти или различни отпечатоци.<br>• Комбинира шаблони и создава различни композиции. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>На учениците најнапред им се објаснува работата на денешниот час. Учениците повторуваат за 2Д формите кои се наоѓаат на печатите. |
| Монотипија | https://artfulparent.com/gelatin-printmaking-for-kids/ |
| Идеи за различни начини да се остави отпечаток | https://www.pinterest.co.uk/PACEYChildcare/mark-making/ |
| STEM предизвик со уметноста | https://babbledabbledo.com/16-homemade-paint-brushes/ |
| Природата и уметноста | https://homesteadandchill.com/fruit-veggie-stamped-towels-tutorial/ |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Учениците се делат во две групи и се поставуваат на две спротивно различни страни во училницата (може да се користи и холот пред училницата или пак дворот на училиштето доколку тоа го дозволуваат временските услови). Едната половина од секоја група се реди во редица и на секое дете му се дава претходно подготвена табла од страна на наставникот со исцртан или отпечатен простор од каде до каде треба да се движат учениците при работењето. А останатите ученици од групата треба да се наредат во колона еден позади друг и од садот во кој веќе има подготвено печати од природен материјал (на пр. компир), земаат еден печат со 2Д форма и го натопуваат во еден од садовите во кој има ставено три различни темперни бои и со брзо одење ставаат печати во определениот простор на табличката поставена на другиот дел од учениците од својата група.



Пример за табла (Види прилог бр.1)

Час бр.3 Печатење и дизајн.docx



Пример за изработка на компир печат

**Активност 2:** Испечатените листови се поставуваат еден до друг на еден ѕид во училницата, во хоризонтална линија правејќи една композиција.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Анализа и презентирање на добиената декорација пред стручната служба и тимот за естетско уредување во училиштето.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес? Како се чувствувавте денес? Дали си сретнал на интернет слични идеи за изработка на предмети? Англиски израз за тоа е art crafts. Обиди се да пронајдеш нови! Сподели ги твоите со другарчињата!

**Средства:**

ИТ технологија, паметнатабла, телевизор, боја, изработени печати од природен или вештачки материјал.

**Меѓупредметна интеграција:**

Воннаставни и други активности
Математика - Геометрија
Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите

4.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, декорација, монотипија, композиција) |
| Стандарди за оценување | • Ги применува ликовните елементи: големина, простор, тон и површина во печатењето.<br>• Создава графички отпечаток/монотипија. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>На самиот почеток на часот следи запознавање на учениците со поимот монотипија од страна на наставникот (Монотипијата е графичка техника која овозможува добивање на само еден отпечаток . Затоа секој отпечаток е единствен и неповторлив, односно уникатен. |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** На парче пластика или плексиглас А4 формат, наставникот нанесува темперна боја во различни тонови на целата површина. Потоа со чепкалка за уши исцртува неколку форми во различна големина (пример: цвет во три големини). На така подготвената површина става празен лист од блок и со чисто и суво валјаче поминува врз поставениот лист. Веднаш потоа го вади белиот лист со веќе направената монотипија на него од подлогата и им го покажува на учениците.

**Активност 2:** Секој ученик на своето парче мазна површина ја нанесува својата омилена боја во неколку нијанси и исцртува форма во различни големини по сопствен избор и ја прави својата монотипија на лист од блок.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

На еден дел од ѕидот во училницата се поставуваат добиените монотипии од сите ученици и се прави мала изложба. За истата следи дискусија и нејзино вреднување од страна на учениците.

| **Рефлексија на часот:** | **Средства:** | **Меѓупредметна интеграција:** |
|---|---|---|
| Што правевме денес?<br>Како се чувствувавте денес?<br>Што значи зборот уникатност?<br>Кој е уникатен?<br>Дали се станува уникатен?<br>Дали си ти уникатен и што е тоа што сметаш дека те прави уникатен? | ИТ технологија, боја, подлога од рециклиран природен или вештачки материјал, средство за сликање | Воннаставни активности и други активности<br>Природни науки - Потекло, својства и примена на материјалите<br>Македонски јазик - Слушање и зборување |

5.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Средства и материјали за дизајн и нивна употреба (хартија, бои, ткаенина, еколошки материјали, природни и вештачки материјали, компјутер, фотоапарат, ножички, лепак) |
| Стандарди за оценување | • Идентификува и користи различни средства и материјали за дизајнирање.<br>• Прави разлика и споредува дизајни според материјалите од кои се изработени. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>Пред учениците се поставува кутија со отвор колку да може да влезе раче на дете, во која се наоѓаат различни материјали кои учениците ќе ги употребуваат за дизајнирање на чорапчиња за одбележување на Денот на децата со аутизам. Секој ученик по претходен договор со наставникот, има по еден пар чорапчиња кои ќе треба да ги дизајнира по сопствена желба. На учениците им се објаснува дека секој од нив ќе треба без да гледа да го стави рачето во отворот од кутијата и да извлече три парчиња материјал, кои ќе бидат различни и тоа само со напипување. |

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** Еден по еден учениците во ред доаѓаат до кутијата и извлекуваат три различни парчиња материјал.

**Активност 2**: Секој од учениците треба да исече парчиња од различните материјалите и да ги лепи на чорапите по својот обмислен дизајн.



Пример за дизајн

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Сите дизајнирани чорапчиња од страна на учениците се закачуваат со штипчиња на веќе претходно врзан конец на еден ѕид во училницата.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Дали си направил обид да шиеш? Кој ти помогнал?
Коклу беше успешен?
Дали си го слушнал зборот аутизам претходно?

**Средства:**

ИТ технологија, чорапчиња, различни материјали, ученички прибор, лепило

**Меѓупредметна интеграција:**

Вонваставни активности и други активности
Математика - Мерење
Музичко образование - Слушаме музика
Македонски јазик - Слушање и зборување

# 6.

**Содржина (поими)**

• Ликовен јазик во дизајнот (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, фотографија, илустрации, фротаж и др.)

**Стандарди за оценување**

• Дизајнира со примена и комбинирање на различни ликовни елементи и техники.
• Користи компјутер во дизајнирањето.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења:**

Секој ученик се подготвува за работа на компјутер и ја отвораат програмата Ворд (Word). Следи кусо објаснување затоа каде се наоѓаат алатките за работа кои што ќе гиупотребуваат на часот (insert - shapes и insert - wordart). Преку алатките се појаснуваат ликовните елементи:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| точка | линија | насока | боја | тон | текстура | форма | простор |

кои ќе ги користи во својот дизајн, кој е избор на самиот ученик по негова замисла.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1:** На програмата Word секој ученик ги употребува ликовните елементи кои му оставиле најголем впечаток. Учениците имаат за задача да дизајнираат етикета за своето омилено чоколадо. Започнуваат со дизајнирање на етикетата со користење на различни ликовни елементи.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Секој ученик на телевизор поврзан со компјутерот или ЛЦД-проектор го презентира својот изработен компјутерски дизајн за етикета на чоколадо.
Ова сценарио за час може да биде основа за поставување на проектна или истражувачка активност во доменот на ученикот потрошувач. Врска може да се најде со многу стандарди од различни подрачја и предмети. Ученикот да се насочува во духот на рационален потрошувач, но иден претприемач кој ќе се оспособува квалитетно да обмисли брендирање на одреден производ.

| Рефлексија на часот: | Средства: | Меѓупредметна интеграција: |
|---|---|---|
| Што правевме денес? Како се чувствувавте денес? Дали во вашето училиште сте подготвувале училишен базар? Дали со твоите другарчиња во блиското паркче сте играле игра продавачи? Раскажи дел од своите доживувања! | ИТ технологија, телевизор, паметна табла, ЛЦД | Вонаставни активности и други активности Математика - Геометрија |

7.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | • Ликовен јазик во дизајнот (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, фотографија, илустрации, фротаж и др.) |
| Стандарди за оценување | • Дизајнира со примена и комбинирање на различни ликовни елементи и техники.<br>• Изработува украси, накит, декорации и дезени. |
| Сценарио на часот | **Воведни активности: - активирање на предзнаења:**<br>На секој ученик му се дава убаво украсено, шарено ливче на коешто има линии. На линиите учениците се насочуваат да ги напишат своите три новогодишни желби. |

**Главни активности – искуствено учење:**

Учениците се делат во четири групи и им се даваат јасни насоки за работа на часот.
**Прва група:** Изработка на новогодишен украс за училницата. Пред учениците од првата група им се поставуваат потребните материјали за изработка на украсот (пример: цевки, растеглива хартија, листови во боја, лепило, ножици, светки итн) Учениците од групата имаат задача да направат новогодишни украси кои потоа ќе ги закачат во нивната училница.
**Втора група:** Изработка на новогодишен накит. Пред учениците од втората група се поставува потребните материјали како што се: сатенски ленти, светки, декоративни украси со новогодишни мотиви, лепило, ножици итн. Групата има за задача да подготви новогодишен накит за сите ученици од одделението, од типот на новогодишна алка.
**Трета група:** Изработка на декорации за училницата. Пред групата се поставуваат потребните материјали за изработка на новогодишните декорации кои ќе ги постават во училницата како што се: хартиени ленти, листови во боја, лепак, ножици итн. Третата група има за задача да направи новогодишни декорации со кои ќе ја декорираат својата училница.
**Четврта група:** Изработка на новогодишни честитки. Пред групата се поставува потребниот материјал од типот на: картончиња, листови во боја, стари весници и списанија, лепило, ножици итн. Групата има за задача да изработи новогодишни честитки со кои ќе им ја честита Новата година на другарчињата ширум светот.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Првата група ги поставуваат новогодишните украси во училницата, под елката. Втората група го дава изработеното парче накит на секое дете во одделението. Третата група ја декорираат училницата со изработките. Четвртата група ги адресираат честитките до своите другарчиња ширум светот.

| **Рефлексија на часот:** | **Средства:** | **Меѓупредметна интеграција:** |
|---|---|---|
| Што правевме денес? Како се чувствувавте денес? За кој празник изработуваш украси кои ги подаруваш на наставничката? Со кого ги изработуваш украсите? | ИТ технологија, цевки, растеглива хартија, листови во боја, лепило, ножици, светки сатенски ленти, светки, декоративни украси со новогодишни мотиви хартиени ленти, картончиња, листови во боја, стари весници и списанија, лепило, ножици | Вонаставни и други активности Македонски јазик - Читање и пишување Математика - Геометрија, Мерење |